# ОПШТИНА КАРПОШ
## - Сектор за финансии -
### - Одделение за планирање, и извршување на буџет -

## ОСНОВНИ НАСОКИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНСКИТЕ БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2019 ГОДИНА

### I. ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ

Согласно член 27 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11 и 192/15) од Буџетскиот календар на општина Карпош за 2019 година, градоначалникот на општина Карпош ги подготвува, донесува и доставува основните насоки за изготвување на предлог-финансиските планови на општинските буџетски корисници.

При подготвувањето на предлог-финансиските планови за 2019 година, општинските буџетски корисници, основните училишта (ОУ) и јавните детски градинки (ЈДГ) треба да ја имаат предвид актуелната економска состојба, економската политика на РМ во наредниот средорочен период и основните макроекономски индикатори. Во таа смисла фискалните проекции на Министерството за финансии се дека во 2019-2021 година просечниот реален економски раст ќе се движи со проектирана стапка од 3% во 2019, во 2020 да достигне 3,5% и 4 % во 2021 година.

Економската политика на Р.Македонија во наредниот средорочен период е насочена кон остварување на макроекономска стабилност и одршување на стабилен и оддржлив национален економски еазвој, со продолжување на остварување на стратешките определби за зголемување на економскиот раст и конкурентнота на економијата на трајна основа, зголемува на вработеноста, подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на населенито.

Поради овие причини, при продготовка на предлог-финансиските планови на ОУ и ЈДГ за 2019 година треба да се земат предвид истите параметри и критериуми што важеа за **2018** година. Доколку, во меѓувреме, Секторот за финансиски прашања на општина Карпош добие нови сознанија за утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на блок - дотациите и на капиталните дотации за следната година кои се битни за подготовка на предлог-финансиските планови, благовремено ќе ги информира општинските буџетски корисници.

## II. ПРАВНА РАМКА

Согласно со член 22 став 1 точка 7 и 8 од Законот за локална самоуправа (”Службен весник на РМ” бр. 5/02), општините се надлежни за организирање на социјална заштита и заштита на деца и основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта.

Според член 2, точки 8, 9, 11 и 13 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 181/11 и 171/12), буџетот на единицата на локалната самоуправа претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

Составен дел на кумулативниот Буџет на општина Карпош се Буџетот на дотации и Буџетот на самофинансирачки активности на ОУ и на ЈДГ што дејствуваат на нејзината територија.

Буџетот на дотации е годишен план на приходите од дотации и одобрените средства што се користат за финансирање на надлежностите на општината за финансирање на конкретни намени. Во случајот, станува збор за блок - дотации за финансирање на потребите на основното образование (ОУ) и детската заштита (ЈДГ), кои се однесуваат на финансирање на нивните тековно - оперативни активности и исплатата на плати и надоместоци на вработените.

Буџетот на самофинансирачки активности е годишен план на приходите од активности на буџетските корисници. Приходите ги прибираат од сопствени извори и се дополнение на приходите од одобрените дотации за финансирање на основните активности на училиштата и на детските градинки.

## III. ПРОЦЕС НА БУЏЕТИРАЊЕ

Буџетот е најважен документ што Советот на општината го носи во тековната година. Буџетот е годишен план за финансирање на функциите и обврските на општината и на нејзините општински буџетски корисници. Буџетот на општина Карпош се состои од годишна проценка на приходите по извори и трошоците по намени, и претставува документ што го дефинира начинот на трошењето на буџетските средства, но и план со кој се утврдуваат приоритетите на општината.

Со цел да се подготви добар и ефикасен буџет на општината за соодветната година, општината мора добро да го испланира целиот буџетскиот процес.

За таа цел, Секторот за финансии на општина Карпош ќе врши контрола на доставените предлог-финансиски планови на ОУ и на ЈДГ и тие ќе бидат предмет на анализа и усогласување со буџетските пресметки за

2019 година (консолидирање на финансиските планови со планираните приходи и расходи на соодветната програма).

Конечно, висината на средствата кои ќе бидат одобрени за финансирање на тековно - оперативните активности на буџетските корисници за 2019 година ќе бидат утврдени со буџетскиот циркулар, кој треба да биде донесен од страна на Министерот за финансии најдоцна до 30.09.2018 година. Буџетскиот циркулар ќе ги содржи основните макроекономски индикатори и главните насоки за изготвување на општинскиот буџет за 2019 година и ќе бидат дефинирани и определени блок дотациите за општинските буџетски корисници, кои ќе бидат составен дел од консолидираниот Буџет на општина Карпош. Согласно со Буџетскиот календар за 2019 година, Секторот за финансиски прашања при општина Карпош ќе изготви конечна верзија на финансиските планови, кои, како составен дел од Предлог-буџетот на општина Карпош за 2019 година, ќе бидат доставени до Советот на општина Карпош за усвојување. Одобрените финансиски планови се сметаат за конечно утврдени намени што се однесуваат на финансирање на тековните, капиталните и на други расходи на буџетките корисници за извршување на активностите претставени преку програми и потпрограми. Буџетските корисници не смеат да преземаат обврски или да прават расходи над одобрените средства со Буџетот на општина Карпош за 2019 година.

## 1. Приходи

При буџетирање на приходите, буџетскиот корисник врши проценка на вкупните финансиски ресурси и согласно законската регулатива, врши нивна наплата во текот на фискалната година. Целосниот износ на приходите од блок - дотациите, заедно со приходите од самофинансирачките активности, ги формираат вкупните извори на приходи на општинскиот буџетски корисник, а со тоа и максималниот износ на негови расходи во следната фискална година.

Признавањето на приходите и на другите приливи, содржани во главната книга на буџетските корисници, се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

Сметководственото начело на парично искажување значи приходите и другите приливи да се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположливост.

Приходите и други приливи се мерливи кога е можно да се искажат вредносно.

Приходите и другите приливи се расположливи кога се остварени во пресметковниот период.

За да може општинскиот буџетски корисник да обезбеди покривање на планираните расходи за остварување на целите и на приоритетите што се поставени во Буџетот на општина Карпош, важно е да се направат правилни и реални проценки на приходите на буџетските корисници. Врз точното утврдување на приходите влијаат повеќе фактори и затоа, важно е да се следи добро структуиран план, кој ги опфаќа следните фази:

а) Одредување на сите релевантни извори на приходи;

б) Презентација на наплатените/уплатените износи за секој приход најмалку во две изминати последователни години (историски приходи) и пресметка на идните трендови;

в) Насоки од општинската администрација за ефикасна наплата на приходите.

Во билансот на приходи, во делот на блок дотациите, приходите наменети за финансирање на тековно - оперативните активности на буџетските корисници, треба да се искажат на ставката 741111 - Трансфери од други ниво на власт. Приходите кои буџетските корисници ги прибираат на сметката за самофинансирачки активности ги искажуваат на оние приходни ставки за кои истите се однесуваат, во согласност со Правилникот за класификација на приходите.

### 1.1. Дотации

Дотациите се дополнителни приходи во буџетот на општината, кои служат за финансирање на нејзините надлежности определени со Законот за финансирање на ЕЛС.

-Во буџетот на општина Карпош, блок-дотаците ќе се користат за финансирање на надлежностите утврдени во членовите 7 и 8 од Законот за локална самоуправа (”Сл. Весник на РМ” бр. 5/2002). Тоа значи дека, со добиените средства ќе се финансираат тековно-оперативните активности на ОУ и ЈДГ. Согласно Законот, средствата од блок дотации се наменети единствено за исплата на плати и надоместоци на вработените и за покривање на тековните трошоци во работењето (ел. енергија, вода, парно греење, средства за хигиена и др.).

Согласно член 12 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, висината на блок-дотацијата не може да биде помала од износот на средствата од Буџетот на Република Македонија што се користат за таа намена во соодветната област во претходната (2018) од годината (2019) во која се пренесува соодветната надлежност.

Тоа значи дека, буџетските корисници на територијата на општина Карпош (ОУ и ЈДГ) при подготовка на предлог-финансиските планови за височината на блок - дотациите за 2019 година треба да ги земат предвид планираните износи во 2018 година и врз реална основа, согласно реалните потреби да ги изготват предлог-финансиските планови за 2019 година. Ако, во меѓувреме, општина Карпош добие нови известувања и сознанија во таа област, кои се битни за подготовка на финансиските планови на училиштата и на детските градинки, за тоа благовремено ќе ги информира сите буџетски корисници што дејствуваат на нејзината територија.

**Предложените финансиски планови за 2019 година нема да бидат конечни и истите ќе бидат детално разгледани и обработени од страна на Секторот за финансиски прашања на општина Карпош.** Во периодот до кој буџетските корисници (ОУ) се обврзани да ги достават предлог пресметките за 2019 година, Секторот за финансиски прашања во соработка со основните училишта и детските градинки ќе изготват Методологија за распределба на блок дотациите на основните училишта и детските градинки на територија на општина Карпош. Методологијата ќе биде доставена до Советот на општината на усвојување и ќе претставува алатка која ќе овозможи правилна распределба на блок дотациите на основните училишта и детските градинки за 2019 година. Предлог финансиските планови основните училишта и детските градинки имаат обврска да ги изготват и достават во електронска и печатена форма до Секторот за финансиски прашања при општина Карпош најдоцна до пропишаниот рок даден во циркуларното писмо. ***(Прилог 1).***

### 1.2. Самофинансирачки активности

Самофинансирачките активности се дополнителни приходи на буџетскиот корисник за финансирање на основните активности дефинирани со закон. Градоначалникот на општина Карпош го одобрува правото на трошење на приходите од самофинансирачки активности, со цел покривање на расходите што произлегуваат од комплексноста на функционирањето на буџетскиот корисник, а кои не можат да се финансираат со средства од блок - дотациите.

Панираните приходи и расходи од самофинансирачките активности за 2019 година буџетските корисници на општина Карпош е потребно да ги проценат и искажат на оптимално ниво, а согласно Правилникот за класификација на приходите на буџетите и на буџетските корисници и да ги достават до општина Карпош во пишана и во електронска форма. ***(Прилог 1).***

### 2. Расходи

Планираните расходи во финансиските планови на буџетските корисници, кои ќе бидат составен дел од Буџетот на општина Карпош за 2019 година, не смеат да ги надминат нивните планирани приходи. Согласно надлежностите на општината, расходите на општина Карпош за 2019 година ќе се планираат по корисници, програми и потпрограми. Во надлежност на социјалната заштита и на основното обазование, согласно законските прописи, утврдени се 2 програми и 2 потпрограми:

| Надлежност | Програми | Потпрограми |
|---|---|---|
| В - Социјална заштита и заштита на деца | В1 | В10 - Детски градинки |
| Н - Образование | Н1 | Н10 - Основно образование |
| | | |

Секоја програма и потпрограма е структуирана според економската класификација на контниот план на расходите.

За подготовка на планот на расходите за 2019 година, буџетскиот корисник треба да ги следи погоре спомнатите насоки.

Расходите и другите одливи, содржани во главната книга на буџетските корисници, се признаваат според сметководственото начело на парично искажување.

Сметководственото начело на парично искажување значи расходите да се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, за износ за кој е извршено плаќањето, односно кога е извршен одлив на парични средства од сметката.

Планираните расходи од блок - дотациите и од самофинансирачките активности за 2019 година, буџетските корисници на општина Карпош треба да ги искажуваат согласно Правилникот за класификација на расходите на буџетите и на буџетските корисници и да ги доставуваат до општина Карпош во пишана и во електронска форма ***(Прилог 2).***

**Напомена: Во Билансот на расходи,**

**- во колоната Блок - дотација за 2019 - подколона Дотации, се искажуваат тековно-оперативни расходи, односно расходи што исклучително се во делот на групата 42 - Стоки и услуги.**
**Секторот за финансиски прашања нема да ги прифати и ќе ги врати на корекција плановите на буџетските корисници кои ќе постапат спротивно на укажувањето.**

**- во колоната Блок - дотација за 2019 - потколона Плати и надоместоци, се искажуваат тековно-оперативни расходи, односно расходи што исклучително се во делот на групата 40 - Плати, наемнини и надоместоци за вработените. Од особена важност е платите и надоместоците од плати да се искажат врз реална основа, бидејќи оваа ставка зафаќа значителен дел од блок дотацијата на секој буџетски корисник. Секоја нереална и зголемена пресметка за плати од потребната соодветно ќе придонесе за намалување на тековно-оперативните од групата 42 - Стоки услуги. .**

**- согласно член 167 од Законот за основно образование, основните училишта се должни да склучат соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета (ОУ да предвидат средства за таа намена од сметката за дотации)**

**- на сметката 425760 - превозни услуги во образованието, основните училишта имаат обврска да планираат средства единствено за организирање на превоз на ученици. За таа цел, основните училишта заедно со предлог-финансиските планови потребно е до Секторот за финансирање и буџет да доставaт и списоци со број ученици (име и презиме и одделение) кои исполнуваат право на надоместок училишен превоз.**

**- во колоната Самофинансирачки активности за 2019 година може да се искажат расходи согласно потребите на буџетскиот корисник (тековно-оперативни и капитални расходи).**

**- согласно член 22 од Законот за безбедност и здравје при работа, работодавачот е обврзан да обезбеди здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 18 месеци. Доколку правното лице не обезбеди здравствени прегледи во пропишаниот рок, Законот предвидува изрекување на мерка прекршок за правното лице со глоба во износ од 5.000 до 8.000 евра во денарска противвредност.**
**Средствата за ова намена, ОУ и ЈДГ треба да ги предвидат во финансовиот план, по сопствен избор, од било која сметка.**

Како составен дел на планот на расходи за плати, наемнини и надоместоци за вработените за 2019 година, буџетскиот корисник на општина Карпош треба да го достави и Извештајот за вработени на неопределено и определено време ***(Прилог 3).***

## IV. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСОВИОТ ПЛАН

Согласно Законот за основното образование, училишниот одбор кај ОУ и Законот за заштита на деца управниот одбор кај ЈДГ, ја разгледуваат и донесуваат конечна верзија на финансовите планови за 2019 година и носат Одлука за предлог финансиките планови.

Со одлуката се регулира следното:

- Се воспоставува обврска за буџетските корисnци, средствата искажани во финансовите планови да ги користат наменски и рационално, во согласност со пропишаните сметководствени стандарди;
- Износот на утврдените расходи може да се користи само во висина на одобрените средства, а за нови обврски да се предложат нови извори на средства;
- Се уредуваат процедурите за исплата на плати и надоместоци од плати за вработените кај ОУ и ЈОУДГ;

- Се утврдуваат условите под кои вработените ќе ги остваруваат правата на исплата на други надоместоци - службен пат, јубиларна награда, заминување во пензија, одвоен живот и др. (надоместоците произлегуваат од Законот за јавни службеници).

## V. ПОСЕБНА БЕЛЕШКА ЗА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

Висината на средствата потребни за исплата на плати и надоместоци од плата за вработените лица во ОУ и ЈОУДГ треба да се утврдат во согласност со Законот за исплата на платите во Република Македонија и Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Сл.весник на РМ” бр.142/08). Статусот на привремено вработени лица кај ОУ и ЈДГ да биде регулиран во согласност со Законот за агенциите за привремени вработувања. Овие вработени ги имаат истите права и обврски кај буџетскиот корисник, исто како и постојано вработените лица. Буџетскиот корисник има право да вработи лице на определено или неопределено работно време, како и привремено вработено лице единствено по добиена согласност од ресорното министерство и согласност од градоначалникот на општина Карпош.

Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување стапи на сила од 01.01.2009 година со кој се воведе концептот - Бруто плата која вклучува (нето плата, придонеси од плата и надоместоци од плата - хранарина и превоз). Бруто платите основните училишта ги пресметуваат согласно коефициентите утврдени во Колективниот договор на основното и средното образование.

**Исплатата на платите на вработените кај ОУ и ЈОУДГ ја контролира и одобрува Министерството за финансии. За таа цел, ОУ и ЈОУДГ се должни најдоцна до 25-от ден во тековниот месец за кој се однесува исплатата на плати до Секторот за финансиски прашања при општина Карпош да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците ПДД-МП, копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, како и други податоци во пишана верзија за месецеот за кој се врши исплата.**

Во прилог 4 ви доставуваме форма на образецот преку кој ќе се врши контрола на пресметаните плати и надоместоци на ОУ и ЈОУДГ, издвоени по РКБ во висина на планираните средства во финансовите планови и согласно доставиниот месечен финансиски извештај.

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општина Карпош, Секторот за финансиски парашања при општина Карпош пресметките за плати, заедно за сите корисници оддеднаш по надлежност ќе ги испраќа до ресорното министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

**Напомена: Сите општински буџетски корисници од иста надлежност се должни да го почитуваат рокот определен за достава на пресметките за плати до општина Карпош. Во спротивно секое доцнење**

**макар и само на едно училиште, ќе ја отежни постапката на контрола и проследување на платите за одобрување од ресорното Министерство. Доколку општинскиот буџетски корисник не го почитува рокот за достава на пресметката за плата и со тој чин ја загрози исплатата на платите на останатите буџетски корисници од иста надлежност, општина Карпош ќе превземе соодветна санкциона мерка против одговорното лице кај општинскиот буџетски корисник.**

**Со цел, евидентирање на вкупниот број на вработени и прецизно планирање на средствата кои се потребни за исплата на платите и придонесите од плати на редовно вработените лица општинските буџетски корисници треба да го пополнат (образецот-РВ), а за привремено вработените лица да го пополнат (образецот - ПВ).**
**При пополнување на образецот РВ за евиденција на вработените кај буџетскиот корисник, посебно да се внимава на правилно пополнување на колоната 8 за бројот на лица кои ќе се пензионираат во 2019 година. Ова е особено важно поради фактот што отпремнината за пензионирање се исплаќа од Основниот буџет на општина Карпош.**

## VI. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРИЛОЗИТЕ

При пополнувањето на предлог-финансиските планови, буџетските корисници треба да ги имаат предвид следните насоки (упатства):

- Прилозите во ”excel” формат се составен дел на насоките за подготовка на финансиските планови за 2019 година. Се отвора дискетата (со двоклик) и потоа се отвора прилогот за кој се сака да се внесат податоци. Податоците се внесуваат **исклучително во празните полиња** на четирицифрени конта (табелата сама ги сумира податоците и ги сортира хиерархиски по групи и ставки по хоризонтален редослед). Таа насока важи за подготовка на **прилозите бр. 1 и 2.**

**НАПОМЕНА: Не се внесуваат податоци во келиите каде е искажан бројот ”0”.**

- За полесно внесување на податоците, се кликнува на редот после полињата со сумарните износи и, откако, редот ќе потемни, се кликнува на копчето “Window”, па потоа на “Freeze panes”. Тоа значи дека е дадена команда да се смрзне страната на тој ред, а да се движи само табелата под него, со што се добива преглед каде што се внесуваат податоците. За да се врати табелата во претходна состојба, се кликнува на “Window”, па потоа на “Unfreeze panes”.
- Ако се јави потреба од нови конта, во редот на трицифрено конто треба да се кликне и копчето да не се отпушта, а потоа со глувчето се влече надоле до последното четирицифрено конто. Со десен клик на потемнетите полиња се отвора паѓачката листа и се кликнува “Unhide”, со што се отвараат сите четирицифрени конта. Откако ќе се внесе износ во

соодветните конта, се кликнува на тие четирицифрени конта во кои нема износ и потоа со десен клик пак се отвора паѓачката листа, се клика полето “Hide” и редот се сокрива.

- Кога ќе се заврши со внесување на податоци, се врши позиционирање на полето “File”, па потоа на “Print preview” и така се гледа како изгледа табелата за соодветниот месец. Со копчето “Next” се вртат страните на табелата, со “Previous” се враќа назад. Ако табелите не се подесени, се кликнува на “Setup”, во полето “Page” треба да биде вклучено копчето “Landscape”. Полето “Paper size” треба да биде во А4 формат. Се кликнува на копчето “Margins” и се подесуваат маргините на страните, па потоа “Ok”. Се кликнува на копчето “Print” i “Ok” и табелите се печатат.

- За да се снимат табелите на полето “File”, се кликнува на “Save” и потоа се излегува на “X” и од “My documents” се снимаат табелите на дискета.

**НАПОМЕНА:**

- **Ако при отварање на табелите доколку “Excel” ви побара да кликнете на копче “Update”, секогаш сторете го тоа.**

**Прилози:**

- **Прилог 1 - Биланс на приходи за 2019 година**
- **Прилог 2 - Биланс на расходи за 2019 година**
- **Образец - РВ**
- **Образец - ПВ**